РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св.Кирил и Методиј
Јавна научна установа,Институт за национална историја
Бр. 02-214/1
14.9.2020 год.
СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА – СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ

за самоевалуација за 2017, 2018 и 2019 година
на ЈНУ Институт за национална историја

Скопје, 2020

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св.Кирил и Методиј
Јавна научна установа,Институт за национална историја
Бр. 02-214/1
14. 9. 2020 год.
СКОПЈЕ

СОДРЖИНА

1.Вовед и цел на процесот на самоевалуација

2.Користени документи во процесот на самоевалуација

3.Опис на ЈНУ Институт за национална историја

3.1. Мисија и цел на ЈНУ Институт за национална историја

3.2.Стратегија и остварување на мисијата

4.Научно-истражувачка дејност

5.Наставно-образовна дејност

5.1.Студиски програми

5.2. Студенти

6.Научен, настано-научен и соработнички кадар

7.Просторни и материјални услови (ресурси)

8.Логистика

9.Финансирање

10.Резиме од самоевалуацијата

Врз основа на член 55 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија"бр.82/19, член 347, 353 и 358 од Статутот на Ниверзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата за самоевалуација на Институтутот за национална историја го донесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

за самоевалуација на ЈНУ Институт за национална истоирја- Скопје за 2017-2019 година

Советот на ЈНУ Институт за национална историја, согласно одредбите од Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, во постапка со непосредно тајно гласање по предлог на Советот избра членови на Комисијата за самоевалуација во состав:

1.Проф. д-р Маја Ангеловска-Панова, претставник од редот на лицата со наставно-научни звања, претседател

2.Проф. д-р Марја Пандевска,претставник од редот на лицата со наставно-научни звања, член,

3 Проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска, претставник од редот на лицата со наставно-научни звања, член,

4.Проф. д-р Амет Шериф, претставник од редот на лицата со наставно-научни звања, член,

5.Доц. д-р Теон Џинго, претставник од редот на лицата со наставно-научни звања, член,

5.Џуте Крајчески, претставник од студентите, член

Првата самоевалуација на ЈНУ Институт за национална историја е спроведена во 2013 година, а втората во 2016 година.

Самоевалуацијата на ЈНУ Институт за национлна историја се спроведе во периодот мај-јули 2020, согласно Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на УКИМ, а во соработка со наставниот кадар на Институтот, студентите на студските програми и административниот кадар вклучен во организацијата н наставни-научниот процес.

Иавештајот за самоевалузација се однесува на периодот 2017-2019 година. Во постапката за самоевалуација е земена предвид и оцената од страна на студентите, преку студентска анкета.

## 1.ВОВЕД И ЦЕЛ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Самоевалуацијата на ЈНУ Институт за национална историја е дел од процесот за евалуација на неговиот кавалитет, а исто така е дел од постапката за акредитација според законските акти на Република Македонија.

Советот на ЈНУ Институт за национална историја, согласно одредбите од Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, во постапка со непосредно тајно гласање по предлог на Советот избра членови на Комисијата за самоевалуација во состав:

1.Проф. д-р Маја Ангеловска-Панова, претставник од редот на лицата со наставно-научни звања, претседател

2.Проф. д-р Марја Пандевска,претставник од редот на лицата со наставно-научни звања, член,

3 Проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска, претставник од редот на лицата со наставно-научни звања, член,

4.Проф. д-р Амет Шериф, претставник од редот на лицата со наставно-научни звања, член,

5.Доц. д-р Теон Џинго, претставник од редот на лицата со наставно-научни звања, член,

5.Цуте Крајчески, претставник од студентите, член.

Членовите на Комисијата од редот на претставник од редот на вработените со наставно-научни звања, претседател избрани се со мандат од 4 години, а претставникот од редот на студентите со мандат од 2 две години. Комисијата на својата прва седница за претседател на Комисијата ја избра проф. д-р Маја Ангеловска-Панова.

Нејзините основни цели се:

-Да претстави краток и содржаен преглед на научноистражувачката работа на Институтот, настано-образовниот процес, просториниte можности и опременоста, оспособеноста и активностите на студентите, организационата поставеност и неговото функционирање,

-Да ги анализира добрите и слабите страни на Институтот и да предложи конкретни мерки,

-Да се согледаат податоците од претходните самоевалуации и да се споредат со новите услови.

-Да обезбеди основа која ќе послжи за вршење на самоевалуацијата која ја спроведува Универзитетот „Св.Кирил и Методиј"- Скопје

Комисијата за самоевалуација на ЈНУ Институт за национална историја требаше да ја спроведе постапката за самоевалуација и да се согледаат поединостите, а особено слабостите, можностите и пречките во реализација на мисијата на Институтот и тоа во сите сегменит од неговото делување, како би можело, врз основа на заклучоците и препораките, натамошните активностите да се насочат кон подобрување на научно-истражувачката дејност, студиските програми, студискит програми од вториот и третиот циклус на студии и квалитетот на институтуцијата во целина.

Раководени од концепциската поставеност на порцесот на самоевалуација и податоците , Комисијата ја базираше својата работа врз основа на постојнта документација на Институтот во рамките на Секторот за општи, правни и стручни работи, Секторот за научно-истражувачка работа и Секторот за високо образование.

## 2. КОРИСТЕНИ ДОКУМЕНТИ ВО ПОСТАПКАТА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

ЈНУ Институт за национална историја работи според акти и документи со кои е утврдена наговата регистрација и акредитација за вршење научно-истражувачка, настано-образовна и апликативна дејност. Со тие докумнети се уредени односите, обрските и одговорностите на вработените и студентите во остварување на образовниот процес предвиден со важечките студиски програми.

Дел од овие документи, како релевантни за спроведување на постаката за оваа самоевалуација се приложени како прилози од овој Извештај.

1.Законска регулатива и други акти кои го регулираат наставно-образовниот процес,

2.Акредитирани студиски програми со сите информации во поглед на предметни содржини и наставцен кадар,

3.Матични книги на запишани и дипломирани студенти,

4.Анкетни листови од студентска анкета,

5.Извештаи за работа на ЈНУ Институт за национална историја,

6.Програми за работа на ЈНУ Институт за национална историја,

7.Книги за евиденција од библиотеката и документационото одделение,

8.Решенија за акредитација на студиски програми и ментори

8.Извештај за работата на ЈНУ Институт за национална историја за 2013 година.

3.ОПИС НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

ЈНУ Институт за национална историја е јавна научна установа која врши научноистражувачка дејност од областа на историјата на македонскиот народ и заедниците во Република Македонија. Институтот врши истражувања од областа на историјата на Македонија, македонскиот народ и националностите во Република Македонија и надвор од неа, ја проучува историјата на балканските и другите народи што е од интерес за историјата на македонскиот народ, се грижи за оспособување и усовршување на научноистражувачките кадри преку мотивирање, насочување и развивање на научноистражувачките способности кај младите, низ избор, прифаќање и селекција на научниот подмладок, како и преку организирање на последипломски студии и одбрана на докторски дистертации и се грижи за создавање и развивање на научноистражувачката инфраструктура од областа на историјата.

Иницијативата за основање на институтот е дадена на Првото заедеание на АСНОМ (2.8.1944). Делегатите на државотворното собрание на Македонија (АСНОМ) една од првите задачи што му ја поставиле на тогашното и идното раководство на државата била задачата да се пристапи кон органирано проучување на сопствената историја, историјата на македонскиот народ. Првата Влада на НР Македонија, на 20 јули 1948 година, го донесува првиот законодавен акт за основање на Институтот за национална историја (Уредба на Владата на НРМ од 22.7.1948 година). Со овој акт основана е првата македонска специјализирана научна институција, со основна задача да ја проучува историјата на Македонија и македонскиот народ, на народностите и на етничките групи што живеат во неа.

Институтот за национална историја како носител на историската научна мисла е матица на македонските истричари. Без разлика дали биле вработени во него или пак надвор од него, тој е отворен за сите, ги обединува истражувачките планови.

Својата дејност Институтот за национална историја ја остварува преку следниве сектори:

1.Сектор за научноистражувачка дејност,

2.Сектор за последипломски и докторски студии,

3. Сектор за издавачка дејност

3.Сектор за општи правни и финансиски работи

Институтот за национална историја е сместен во заеднички објект со Државниот архив на Република Македонија. Располага со вкупна површина од 740 м , од тоа две предавални со површина од 130 м и 80 седишта, една компјутерска

училница со вкупна површина од 20 м и 10 седишта и 23 кабинети на наставо научниот кадар со површина од 460 м и 70 седишта.

## ОРГАНИЗАЦСКА СТРУКТУРА

**ДИРЕКТОР**

**СОВЕТ**

**НАСТАВНИЧКИ КОЛЕГИУМ**

↓

3 члена на Советот претставици од Владата на РМ

Членови на Советот претставници од вработените научни работници на Институтот

**СЕКТОРИ**

**Сектор за научноистражувачка дејност**

↓

- Одделение за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371
- Одделение за историјата на Македонија во време на османско-турското владеење
- Одделение за проучување на периосот на преродбенското и националноослободителното движење во XIX век до 1912
- Одделение за историјата на македонскиот народ (1913-1941)
- Одделение за историјата на македонскиот народ (1941-1991)
- Одделение за историјата на малцинствата на Балканот и иселеништвото
- Балканолошко одделение

**Сектор за последипломски и докторски студии**

↓

Студиски програми од трет циклус

*Културна историја на Македонија*

*Историја на Македонија*

Студиски програми од втор циклус

*-Историја на Македонија*
*-Историја на Балканот*

**Сектор за стручни, правни, финансиски и административни работи**

↓

Одделение за правни , стручни и општи работи
Оддление за сметководствено-финансиски работи

**СЕКТОР ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ**

ОБРАЗОВНА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

Институтот има 52 вработени, од нив 42 се доктори на науки. Покрај овие кадри, избрани се и повеќе научни работници што работат во сродни установи.

3.1.МИСИЈА И ЦЕЛИ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

ЈНУ Институт за национална историја е единствена научно-истражувачка институција во Република Македонија која ја проучува националната историја на Македонија. Неговата мисија се состои во остварување на следниве основни стратешки и програмски цели:

-Континуирано да го подига нивото на истражувачката дејност во областа на историската наука и со тоа да овозможи континуирано обновување и осовременување на научните знаења и научниот капацитет на наставно-соработничкиот кадар.

-имплементација на Европскиот Кредит Трансвер Систем (ЕКТС) во иновирањето на студиските програми и соработка со компатибилни научно-истражувачки и високообразовни институции, со можност за обезбедување мобилност на студенти и наставно-научен кадар.

-да обезбеди квалитетно образование од втор и трет циклус од областа на историјата.

-да обезбедува услови за реализација на зацртаната програма за работа и имплементација на највисоките стручни и научни сознанија во рамките на истражувачките дисциплини, како и во реализирањето на студиските програми со нивно перманентно надградување и проширување.

-да ја развива соработката со високообразовните институции, со цел научните сознанија да се применат во вивокообразовниот процес од првиот циклус на студии.

-да ја поттикнува и организира сопствената издавачка дејност, преку издавање на научни трудови.

Научноистражувачката дејност

Научно-истражувачката дејност остварува преку проекти. До 1991 година беа завршени два значајни макропроекта (Историја на македонскиот народ; Македонски историски речник), а од тој период се работи на индивидуални проекти. Од осамостојувањето на Република Македонија се завршени 56 значајни проекти предводени од научните кадри и со научни соработници од Институтот, кои учествуваа и во разни меѓународни проекти со научни работници од други земји. За потребите на проектите, се вршеа истражувања во архивите на повеќе земји од каде се донесени преку еден милион страници документи кои се однесуваат на историјата на македонскиот народ и заедниците во Македонија. Постојана соработка е развиена со педесетина установи (универзитети, научни институти, архиви, библиотеки) од дваесетина земји. Научните работници на Институтот организираа над стотина научни собири и учествуваа на тројно повеќе симпозиуми, конференции и конгреси одржани во разни земји од Европа и светот.

Издавачка дејност

Почнувајќи од првата книга објавена во 1949 година, па сѐ до последните наслови, опфаќа преку 300 монографии, зборници на документи и излагања од научни собири, библиографии, спомени, албуми, летописи и специјализирани изданија. Најмалку уште толку изданија се пласирани во јавноста преку другите издавачки куќи во Република Македонија. Голем број нивни дела се закитени со високи републички и други награди. Значајно место во оваа дејност му припаѓа и на списанието ІГласникв, кое се појави во над сто изданија, а неколку од нив се појавија на странски јазици. Научните кадри на Институтот објавуваат свои прилози и во други списанија од земјата и надвор од неа.

Студии од втор и трет циклус

Во изминатата деценија се создадоа услови да се изведува настава од втор циклус на 10 студиски подрачја според единствениот ЕКТС. Во процесот на изведувањето на наставата се вклучени и голем број универзитетски професори од други факултети. На студиски престои во Институтот, неколку години наназад, престојуваат студенти од Државниот универзитет Темпи во Аризона.

Институтот има 52 вработени, од нив 42 се доктори на науки. Покрај овие кадри, избрани се и повеќе научни работници што работат во сродни установи.

## 3.2.СТРАТЕГИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МИСИЈАТА

За остварување на мисијата, Институтот е организиран во четири сектори:

1.Сектор за научноистражувачка дејност,
2.Сектор за последипломски и докторски студии,
3. Сектор за издавачка дејност
4.Сектор за општи, правни и финансиски работи

Орган на управување во Институтот е Советот кој е составен од 9 членови од кои 3 претставници од Владата на Република Македонија и 6 претставници од вработените научни работници на ЈНУ Институт за национална историја. Со Институтот раководи директор на Институтот кој се избира на јавен конкурс, а изборот го потврдува Владата на Република Македонија.

Научно-стручен орган во ЈНУ Институт за национална историја е Научниот совет во чија надлежност е настаната декност.

4.НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научно-истражувачката дејност во ЈНУ Институт за национална историја се остварува преку работа на научно-истражувачки проекти, истражувачки престои, соработка со научни ионституции во државата и надвор од неа, учесто на меѓународни собири, конференции.

По потреба Институтот ангажира и надворешни соработници, а има создадено и ширкоа мрежа за соработка со сродни институции.

Финансирањето на научно-истражувачката работа се врши преку изработка на научно-истражувачки проекти финансирани од Министерството за образование и наука, преку вклучување во научно-истражувачки проекти финансирани од други институции, преку меѓународен грант од Европската унија од програмата ФП-7 и донации.

4.1.Научно-истражувачки проекти

*- Дефинирање на историските процеси во Македонија во раниот среден век(6-10 век)* - главен истражувач: д-р Митко Панов

*-Миграционите процеси на Мијаците на Балканот* - главен истражувач д-р Билјана Ристовска-Јосифовска

*-Хигиенско-здравствените прилики во Македонија во 19 век*- главен истражувач: д-р Силвана Сидоровска-Чуповска

*-Економската политика на Извршниот совет на СРМ 1963-1991*-главен истражувач д-р Љубица Јанчева

*-Српската интелегенција за македонското прашање (1903-1913)*-главен истражувач д-р

-"*Специјалниот комитет на Обединетите нации за Балканот и Граѓанската војна во Грција (1947-1949)*" со главен истражувач д-р Лилјана Пановска;
-"*Јавни институции во Османлиската империја: бањи и амами во Македонија во време на Османлиското владеење*", со главен истражувач д-р Амет Шериф;
-"*Македонците во Албанија (1912-1991)* ", со главен истражувач д-р Катерина Тодороска;
-"*Монаштвото во Македонија: историско-културолошки аспект*", со главен истражувач д-р Маја Ангеловска-Панова;

- "*Егејска и Пиринска Македонија: населби и население 15-16 век*" со главен истражувач д-р Драги Ѓоргиев;
- "*Македонските лекарственици од 19 век*" со главен истражувач д-р Лилјана Гушевска;
-*Репатријација на Македонците од Егејскиот дел на Македонија од источно-европските земји во СР Македонија од средината на 50-тите до 70-тите години на минатиот век* со главен истражувач д-р Катерина Мирчевска

Меѓународни проекти:

1. *Динамика на движење на работната сила на Балканот* - проект помеѓу Институтот за национална историја и Етнографскиот институт при Бугарската академија на науките
2. ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ОД ПРОГРАМАТА ФП-7
SEVENTH FRAMEWORK PROGRAMME OF THE EUROPEAN UNION RESEARCH EXECUTIVE AGENCY, SP3-People, Support for training and career development of researches (Marie Curie), International Research Staff Exchange Sceme (IRSES)- FP7-PEOPLE-2011-IRSIES, Grant Agreement Number 295167, Memoryrow: Politics of Memory and Cultures of the Russian-Ottoman War 1877/1878: From Divergence to Dialogue.

Од приложеното може да се направи следнава анализа:

| | |
|---|---|
| S | Задоволително ниво на бројот на учества во научни проекти, учество на странски научни собири, учество во европски проекти, теоретска подготвеност и практика за конципирање и реализација на научен проект, воспоставени институционални и индивидуални релации со други сродни научно-истражувачки институции и тимови |
| W | Нема финансирање од Министерството за образование и наука за научно-истражувачки проекти, нема финансии од Министерството за образование и наука за унапредување на научно-истражувачкиот кадар. |
| O | Вклучување на соработниците во научно-истражувачката работа, унапредување на соработката со научни институции надвор од Македонија во наставната и научната дејност |
| T | Недостаток од финансиски средства за континуирано научно усовршување на кадарот, несоодветна валоризација на научно-истражувачката работа и недостаток на средства за фундаментални научно-истражувачки проекти |

## 5.НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ И СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

Освен научно-истражувачката дејност, ЈНУ Институт за национална историја во рамките на своите активности реализира и високообразовна дејност од втор и трет циклус на студии.

Почнувајќи од академската од 1998 година Институтот за национална историја се вклучува во образовниот процес со акредитацијата за три студиски подрачја за последипломски и докторски студии: *Национална историја на Македонија и македонскиот народ од праисторијата до 1371 година, Национална историја на македонскиот народ од 1371 година до Балканските војни* и *Национална историја на македонскиот народ од 1913 до 1991 година.*

Во 2007 година, согледувајќи ги општествените потреби и интересот за постипломско студирање, Институтот покрена иницијатива за отворање нови студиски подрачја, организирани согласно единствениот Европски кредитен трансфер-систем.

Во 2008 година Институтот добива Решение број 01-183/1 од 15.5.2008 година.за прифаќање и акредитација на Институтот за национална историја за вршење на високообразовна дејност и последипломски студии.
Во 2012 година Институтот добива Решение бр. 10-571/2 од 20.12.2012 година за усогласување и акредитација на студиските програми од втор циклус едногодишни студии на Институтот за национална историја, придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје
-Во 2013 година Институтот добива Ршение број 10-571/3 од 20.12.2012 за акредитациоја на тригодишни студиски програми од трет циклус на докторски студии по Културна историја на Македонија на Институтот за национална историја, придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје
-Во 2013 година Институтот со Институтот за историја на Филозофскиот факултет е носител на студиската програма од трет циклус *Историја на Македонија*.

-Во 2016 година Институтот за национална историја добива Решение за акредитација на студиската програма *Културна историја на Македонија* број 18-207/3 од 2.9.2016 година;

-Во 2016 година Институтот за национална историја добива Решение за акредитација на студиската програма *Историја на Македонија* број 13-49/2 од 24.2.2016 година.

-Во 2019 година Институтот добива решение за акредитација на тригодишни студиски програми од трет циклус на докторски студии по:

- Историја на Македонија и

-Културна историја и географија на Македонија

5.1. СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

На ЈНУ Институт за национална историја се организирани студии од втор циклус на следниве студиски програми:

-Историја на Македонија и

-Историја на Балканот

Наведените студиски програми се реализираат по студиска програма 4+1 и се организирани во траење од 2 семестри, односно 1 година. Студиските програми се наменети за студентите кои со завршувањето на првиот циклус оствариле најмалку

240 ЕКТС. Соодносот на задолжителните и изборните предмети е 60%, 40%. Од вкупно 40% изборни предмети 10% можат да се изберат од заедничката листа на предмети на УКИМ. Во текот на секој семестар се одржува настава, консултации и се реализираат семинарски работи, проектни задачи и испити.

Со одбрана на магистерски труд пред Комисија за одбрана на трудот, студентот се здобива со научно звање магистер по историски науки.

Вкупниот број на кредитеи кои го добиваат студентите по завршувањето на студиите од втроиот циклус  на овие студиски програми изнесува 60 кредити.

Во рамките на наставните програми се организира редовна настава за студентите. Обемот на наставата и програмските содржини за секој предмет се определува согласно бројот на кредити што ги носи предметот. Во случај за некој изборен предмет да се определет помалку од 9 студенти, обемот на предавањата пропорционално се намалува но не и активностите и обврските на студентите. За изборните предмети со 1-5 студенти се органзира менторски систем на разработка на програмата на семинарските трудови и испитите.

На студиите од трет цикус акредитирани се две студиски програми:

- *Културна историја на Македонија и*

-*Историја на Македонија*

Наставата и реализацијата на овие студиски програми се одвива во согласност со нормативните акти на УКИМ и Школата за докторски студии.

При изведувањето на наставата се користат класични предавања и методи на интерактивна настава.

Од приложеното може да се направи следнава анализа:

| | |
|---|---|
| S | Обезбеденост со кадар, оспособеност на кадарот за реализација на научно-истражувачки и апликацони проекти, организирана настава, достапност на кадарот за консултации на студентите |
| W | Нема организирана настава за програмите со мал број на студенти (менторски тип), |
| O | Вклучување на студентите во тековните научно-истражувачки активности |
| T | Големи разлики во бројот на студенти на студиските програми |

5.2. СТУДЕНТИ

На ЈНУ Институт за национална историја во академската 2018/ 2018 година запишани се 6 студенти, во академската 2018/2019 запишани се 4 студенти.

Во согласно со календарот на УКИМ целосно се реализирани предавањата на студиските програми на кои има запишано студенти, според планираниот распоред и во определени денови.

Во текот на април и мај 2019 година во рамките на процесот на самоевалуација, беше спроведена студентска анкета. Во анкетирањето учествуваа студенти од вториот и третиот циклус на студии од сите студиски програми.

Анкетниот лист вклучуваше 20 прашања за квалитетот на одржувањето на наставата и коментар на студентите во врска со проблемите од наставата.

Прашањата беа оценувани со: незадоволителен, доволен, добар, могу добар и одличен.

Резултатите од анкетата покажуваат дека подготвеноста и достапноста на наставниците е на високо ниво, квалитетот на предавањата е многу добар, а истотот се однесува и до пристапот на настаните материлјали.

Во анкетата се опфатени 82% од студентите

Од приложеното може да се направи следнава анализа:

| | |
|---|---|
| S | Добро организирана настава, подготвеност и достапност на наставниците, навремено закажување на испити, почитување на терминита. |
| W | Организирање на настава во термини кои се прилагодени на студентите |
| O | Вклучување на студентите во тековни активности на Институтот |
| T | Заради несразмерен број на студенти се случува на одредени студиски програми во академската година да нема студенти |

## 6. НАУЧЕН, НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

Наставно-научниот кадар во Институтот е вклучен во реализација на студиите од втор и трет циклус.

На вториот и третиот циклус на студии ангажирани се 42 наставници.

| | |
|---|---|
| S | Наставниот кадар го следни развојот на научната мисла и го имплеметира и неговиот број е во согласност со бројот на наставните програми |
| W | Недостаток за финансиски услови за обезбедување на континуирано усовршување на настанвиот кадар |
| O | Можност за ангажирање на дополнителен наставнички кадар преку соработка со останатите високообразовни институции |
| T | Ограничување на вработување на наставно-научен кадар, ограничени финансиски средства за едукација и усовршување на настано-научниот кадар. |

7.ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ

ЈНУ Инститту за национална историја располага со дел од зграда на ул. Григор Прличев број 3 во Скопје. Објектот е одобрен за користење од стеана на Владата на Република Македонија со решение број 09-12382 од 12.6.1067 година.

Структурата на дидактичкиот простор изнесува 760 м2 и ги има следниве компоненти: 3 предавални од 210 м2 со капацитет од 100 седишта, една компјутерска училница со вкупна површина од 40 м2 со капацитет од 25 седишта, кабинетски простор од 23 кабинети.

Инстиутот располага со 47 персонални компјутери, 30 ласерски печатари, 2 копир апарати, 2 фороапарати, 1 микрочирач.

Институтот располага со библиотека од 35.000 наслови и 15.000 насови од периодика од домашна и странска провиниенција.

Освен библиотеката Институтот располага и со одделение за документација, во кое се чуваат 1.000 архивски единици. Во ова одделение е и фондот од систематизираните материјали обработени во библиографското одделение.

| | |
|---|---|
| S | Институтот располага со доволен простор за реализација на настава |
| W | Застарена опрема и проблем со интернет мрежа |
| O | Доопремување на опрема преку донации |
| T | Финансиско ограничување на вработување на стручен кадар за подршка |

8. ЛОГИСТИКА

Во процесот на остварување на наставно-научната дејност логистиката ја дава стручната и администеративна служба која според систематизацијата се состои од Сектор за општи, правни и финансики работи и Сектор за издавачка дејнсот.
Бројот на вработените во овие дава сектори е 9.

| | |
|---|---|
| S | Професионален однос и функционална структура |
| W | Недостаток на административен кадар |
| O | Можности за постојани обуки на администрастивниот кадар |
| T | Неможност за вработување на административен кадар |

9.ФИНАНСИРАЊЕ

ЈНУ Институт за национална историја е финансиран со средства од Министерството за образование и наука и од соптвени приходи.

SWOT анализа

| | |
|---|---|
| S | Финансирање на основната дејност за плати на вработените и материјални трошоци |
| W | Нефинансирање на научно-истражувачката дејност на Институтот |
| O | Можност за вклучување во проекти кои се финансирани од други институции |
| T | Неисплаќањето на средства за изработка на научно-истражувачки проекти може да предизвика застој во реализацијата на активностите. |

## 10.РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

ЈНУ Институт за национална историја успешно продолжува да ја остварува својата мисија како научно-истражувачка установи и установа која остварува високообразовна дејност на студиите од втор и трет циклус.

ЈНУ Институт за национална историја и покрај недостатокот од финансиски средства предлага, учествува и е носител на научно-истражувачки проекти, организатор е на вројни научни конференции, научни трибини. Институтот има воспоставено и институционално и индивидуално соработка со сродни институции од Република Македонија и од странство. Научно-истражувачката работа и меѓународната соработка се на многу високо ниво, со голем број на трудови презентирани на меѓународни и домашни научни собири. Во Институтот гостуваат предавачи од странство, а научни работници од Институтот гостуваат на странски универзитети.

Институтот е вклучен во меѓународнен проект финасиран од програмата ФП-7 SEVENTH FRAMEWORK PROGRAMME OF THE EUROPEAN UNION RESEARCH EXECUTIVE AGENCY, SP3-People, Support for training and career development of researches (Marie Curie), International Research Staff Exchange Sceme (IRSES)- FP7-PEOPLE-2011-IRSIES, Grant Agreement Number 295167, Memoryrow: Politics of Memory and Cultures of the Russian-Ottoman War 1877/1878: From Divergence to Dialogue.

ЈНУ Институт за национална историја нуди атрактивни студиски програми за чија реализација располага со научен кадар. Концепцијата на студиските програми опфаќа задолжителни предмети и богат избор на изборни птредмети. Институтот располага со квалитетен наставно-научен кадар со кој се обезбедува висок квалитет на наставата.

ЈНУ Институт за национална историја има издавачка дејност која е на задоволително ниво. Проблемот со финансирањето оневозможува публикување на над 30 научни трудови кои се подготвени за печат. Недостатокот од финансиски средства оневозможува размена на трудови со меѓународни инаституции.

Научното списание *Гласник* е со меѓународна редакција и се објавува годишно.

Институтот располага со мал но организиран наставен простор.

Библиотеката располага со библиотечен фонд оф 35.000 книги кој ги задоволува потребите на научните работници, студентите како и други надворешни соработници.

Резултатите од студентската анкета укажуваат на квалитетна организација на наставата и подготвеноста на наставно-научниот кадар во наставниот процес.

Комисија за самоевалуација:

1.Проф. д-р Маја Ангеловска-Панова, претседател

2.Проф. д-р Марја Пандевска, член,

3 Проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска, член,

4.Проф. д-р Амет Шериф, член,

5.Доц. д-р Теон Џинго, член,

5.Цуте Крајчески, член

Скопје 2020 год.